Македонска Каменица - кога гласот на граѓаните ги поместува границите

Хипнотизирачко гратче во пазувите на Осоговските Планини. Тивко, со необичен мир и питоми, гостопримливи жители. Ваков е отприлика првиот впечаток кога ќе дојдете во Македонска Каменица. Патот до таму води низ преубава, свежа, шумска вегетација. Од десната страна се гледа браната, а од левата ѕирка и ве поздравува навидум незагадената, прозирна река. Во ниту еден момент не би ви паднало на памет дека во овој преубав предел природниот баланс е можеби нарушен. Напротив, сè како да е беспрекорно, слично на најживописните швајцарски пејсажи.



Но, ако сте минимум информирани, ќе знаете дека токму овде се наоѓа рудникот „Саса“. И тука почнува приказната – приказната за една инспиративната, тешка и упорна борба на мала заедница против еден од најголемите индустриски гиганти во регионот.

-Овој мир е само привид. Под површината на нашиот каменички, секојдневен живот, со години тлее тивок, упорен судир меѓу егзистенцијата и екологијата, меѓу тешко заработеното парче леб и правото на чиста животна средина, велат граѓаните.

Како се разбуди активизмот во Македонска Каменица

Со децении односот меѓу Македонска Каменица и рудникот за олово и цинк „Саса“ беше дефиниран со премолчен компромис: рудникот го ранеше речиси секое семејство во градот, а заедницата замижуваше пред сивиот прав и заматените води на Каменичка Река. Градот живееше во сенката на рударските оџаци, прифаќајќи ја загадената животна средина како „цената што мора да се плати“ за егзистенција. Но, работите почнаа радикално да се менуваат со доаѓањето на новата генерација локални активисти, млади луѓе и еколошки здруженија кои одбија да прифатат дека здравјето на нивните деца има цена.

Пресвртната точка беше инцидентот што се случи пред неколку години, кога пукна дел од јаловиштето на рудникот, предизвикувајќи излевање на тони јаловишна згура директно во коритото на Каменичка Река, а оттаму и во Калиманско Езеро.

Тоа го скрши молкот, го запали фитилот на граѓанскиот активизам. Сликите од мртвите риби и сивата вода го обиколија регионот. Наместо само празен револт на социјалните мрежи, локалните активисти (организирани преку граѓански иницијативи и еколошки друштва) развија паметна, долгорочна стратегија за справување со гигантот.

-Тогаш сфативме дека веќе нема простор за молк. Станавме „очи и уши“ на теренот. Со камери, дронови и независни мерења, секоја промена на бојата на реката или сомнителен облак прашина, веднаш се документира и се споделува јавно, истакнува Миран Митревски, активист и еден од најпрепознатливите ликови на Македонска Каменица, неуморен борец за чиста околина и здрава животна средина.

Миран, рударски инженер по професија и одличен познавач на работата на рудникот, со мајсторска прецизност ги превидува можните опасности или евентуалните еко-катастрофи. И не седи мирен. Постојано дејствува со своите соработници. И предупредува. Алармира.

Јаловината во Каменичка Река до денес не е исчистена



-Нам ни се случија две еколошки катастрофи. Првата во 2003-2004 година, кога пукна првото јаловиште и истекоа 700.000 метри кубни јаловина низ Каменичка Река во Калиманско Езеро која до ден-денес не е исчистена, зашто тогаш „Саса“ беше затворена и последиците немаше кој да ги сноси. Само се направи санација и по една-две години рудникот беше купен од приватниот сектор. Пред пет години истото се случи, со пукање на јаловиштето број 4, но, за среќа, истече мало количество јаловина. Дојдоа од Министерството и Инспекторатот за животна средина, имаше ревизија, го казнија рудникот и почна санацијата. Сепак, тоа и натаму ни е проблем. Многу е блиску до куќите, само 150 метри. Затоа вршиме голем притисок. Стават пумпи за прскање, зашто во летниот период јаловиштето е суво и прашина влегува од него во куќите, а тоа е всушност олово и цинк. Буквално, катастрофа, нагласува Митревски.

Според него, во првите години, особено 2003-та и 2004-та, во Македонска Каменица се чувствувала прашина.

-Тоа е всушност кадмиум, олово, цинк,..., а кадмиумот делува на неплодноста, предивикува нервоза кај луѓето, вели Миран.

Македонска Каменица не бара целосно затворање на ова јаловиште, туку дежурна екипа и надзор 24 часа

Тој е дециден дека Македонска Каменица не бара целосно затворање на ова јаловиште, туку дежурна екипа и надзор 24 часа.

-Ако пукне јаловиштето, а технички се е можно, секаков дефект, никој нема да не спаси. Ставаа потпорни ѕидови, изолации и геомембрани да го заштитат. Рекоа дека уште нешто треба да направат и дека се ќе санираат најдоцна до Нова Година. Гарантираат дека ќе биде заштитено. Инаку, делумно е направена заштита и сега. Рудникот има оперативен план за превенција од пукање на јаловиштето. Но, прашањето е дали ќе се исполни ветувањето или не. Може ќе го запоставаат и ќе речат - нема, а ние бараме тоа што го ветиле да го исполнат, да не пукне јаловиштето зашто тогаш сите ќе страдаме, објаснува Миран.

„Саса“ има четири јаловишта и сите се засебни. Две се веќе покриени со земја и пошумени, а две се уште се пресни.



-Тие се доближија на 150 метри до куќите. Тука се три мали населби: Јагодина Река, Сараф и Велковци. Жителите највеќе се бунат во летниот период поради прашината, а ние вршиме поголем притисок за да стават прскалки и таму сега има работник 24 часа. Ако нешто се случи – на пример, да пукне црево (многу пати се случувало во зимскиот период да пукне црево од водата), треба веднаш да се реагира за да не се создава прашина која „лета“ кон куќите. Луѓето на тоа се жалат, на прашината, на загадувањето на воздухот, информира нашиот соговорник.

Како што додава, добро е тоа што рудникот, за да нема па проблеми, воведува нова технологија - враќање на јаловината во јамите. Направи специјална „фабрика“ за мешање на јаловината со цемент и под притисок на пумпите ја враќа во јамите.

-Сепак, тоа е рудник, технички може да се случи дефект. И тоа не може никој да го предвиди. Јас сум дипломиран рударски инженер, знам дека може да пукне јаловиште. Но, се излегува на терен, се прават комисии и се санираат сите проблеми, напоменува Миран.

Вели и дека активистите купиле мобилен мерач на ПМ честички кој за 15 минути дава резултати.

-Граѓаните тоа го бараа. Планираме и анкета да направиме. Реално, „Саса“ и постојано да става прскалки на јаловиштето, тоа е веќе прашина, особено во летниот период, на 40 степени, и со мало дување ветер оди директно до куќите. Здравствената состојба на

населението малку се крие. Повеќето рудари се секогаш заболени од силикоза. Порано излегуваше секој рудар без маска и секој трет имаше силикоза - тие што работат на бушилиците и во флотацијата. Сега малку се намалија тие работи зашто според новите мерки, мора да се носи маска, шлем, ХТЗ опрема. Кажав веќе, „Саса“ става прскалки, но порано немаше 24 часа работник, прва, втора, трета смена. Сега ставија дежурни 24 часа, посочува Миран.

Каменичка Река е мртва

Друг клучен проблем е загаденоста на Каменичка Река, за што главен извор и причина е повторно, јаловиштето. Реката се влева во Калиманско Езеро, со што директно се загрозува квалитетот на рибата и на водата.



-Јаловиштето знае да попушти и практично се излева. Уште малку и е полно. Дали ќе издржи уште една година максимум. Не знам потоа како ќе го решаваат проблемот. На основа на претходните катастрофи, може да се предвиди иста таква катастрофа, но овој пат ќе има и човечки жртви зашто е блиску до куќите. И затоа сме постојано на штрек, внимаваме, нон-стоп ги опоменуваме и рудникот и сите, да внимаваат на тоа. Некогаш несакајќи се испуштаат отровни материи и реката е фактички мртва, ни жаби има, ни риби. И тоа се случува од несовесно работење на некои работници. Од „Саса“ рекоа дека и камери ќе стават горе, да го следат рудникот. Но, засега реката е мртва. По еколошката катастрофа не можевме да ја заживееме. Имавме и судски спор за труење на рибите. Од рудникот велат дека не испуштиле цијанид, е сега - дали е некој вработен или некое лице. Директорот беше суспендиран, го сменија веднаш, за 24 часа. Уште судскиот спор да заврши и чекаме да се донесе одлуката, истакнува Миран.

Според него, веќе е формиран тим за брза реакција со кој соработуваат. Но, активистите постојано бараат резултати од мерење на загадувањето на водата, а и тие сами вршат мерења, да видат дали вредностите се совпаѓаат.

На Калиманско Езеро не е правен мониторинг

Како што вели Миран, еко-активистите планираат да спроведат мониторинг на Калиманско Езеро. Со финансиска поддршка на Опптината, ќе земат мостри и ќе ги објават резултатите.

-Ние пуштаме водни дронови ама видливоста ни е 0,30. Ништо не можеме да видиме внатре. Замаченоста е огромна. Институциите не направиле испитувања на квалитетот на на водата, на повик треба да дојдат. Не правеле зашто доле, велат, има големи сомови. Инаку, беше утврдено дека Калиманска брана е загадена. И потоа никој не ја испитувал веќе загаденоста на водата. Ние ќе го провериме квалитетот, ќе земеме мостра од водата и како невладин

сектор ќе излеземе со резултати. Од Калиманска брана се наводнува цело Кочанско Поле. Ќе ги доставиме резултатите, зашто тука не е само рудникот, тука е и Брегалница од Берово, Пехчево, Делчево. И таа се влива во Калиманско Езеро. Тука имаме и друг проблем, два-три пати од Делчево ја загадуваа Брегалничка Река. Имаше помор на рибите и затоа никој не го испитува Калиманското Езеро, нагласува Митревски.

Во однос на загадувањето, смета дека сите си ја префрлаат топката и никој не сака да преземе одговорност.

Активистите го демнат секој чекор на „Саса“

- На „Водостопанство“ е водата, концесионер ги „држи“ рибите, површината припаѓа на Каменица, така некако му доаѓа. Но, ние ќе видиме како и од каде е загадена реката - дали од Брегалница или од „Саса“. На „Саса“ правиме мониторинг секој месец и пол-два. Земеме мостра, Општината тоа ни го покрива, околу 2.500 денари мислам дека чини. Склучивме договор, а Советот изгласа, штом правиме мониторинг, да ни ги платат трошоците. Инаку, јас во „Саса“ немам право да влезам ама надвор од капијата имам право да галамам. Дронот можеме да го спуштиме до рудникот, но немаме право да ја снимаме флотацијата. Сепак, имаме право јаловиштето да го снимаме, објаснува Миран, според кој, барем комуникацијата со Инспекторатот за животна средина засега е одлична.

Во однос на отворањето нови рудници, нашиот соговорник подвлекува дека не е против, но само ако се почитуваат стандардите.



-Како дипломиран рударски инженер и како еколог сметам дека отворањето нови рудници не е проблем, но само ако се применува технологијата правилно. За жал. кај нас тоа не е случај. Сведоци сме дека на секои неколку години има по една еколошка катастрофа. И не само тука. Во Тораница исто така, во Бучим. Сите хидројаловишта кај нас попуштаат. Не сме кадарни како држава да се носиме со предизвикот во делот на превенција од еколошки катастрофи кога станува збор за отворање нови рудници. Едноставно, немаме капацитет. Се инсистира буквално и на отворање рудници во Казандол, Валандово, Струмица. Сите во изјавите уверуваат дека ќе ги запазат највисоките еколошки стандарди, дека ќе ги применат најдобрите можни техники и дека ќе нема еколошки катастрофи. Но, јаловиштето, колку и да го заштитиш, може да пукне. Тоа се работи што технички никој не може да ги предвиди

и во тој контекст ние можеме само да филозофираме. Јама може ли да се сруши? Може. Затоа има и такви последици. Рударот буши и од каде знае кој расед каков е? Има разлика дали рудникот ќе биде површински или подземен и каков ќе биде начинот на флотирање. Кога се прави флотација на минералите, многу е важно како сетоа тоа се изведува. Ние немаме начин каде да го складираме тоа што го одвојуваме и го пуштаме низ река, вели Миран.

Во „Саса“ има таложници. На излезот на флотацијата се поставени апарати што ја одвојуваат водата и делумно ја прочистуваат, но не 100 отсто.

-Дефинитивно не сме подготвени за 100 проценти да ја заштитиме природата. Еве, и по околу 15 години од катастрофата, се уште имаме последици. Од „Саса“ велат дека го намалуваат загадувањето и дека сега не е до тој степен како претходните години. Но, ние на тоа им укажуваме дека тогаш се бушело, работеле руски машини на пневматски воздух, а сега се дизел машини. Тогаш се бушело и можеле да се изнесат пет камиона руда. Сега се изнесуваат до 100 камиони. Технологијата оди брзо и загадувањето е побрзо. И повторно ќе кажам, Каменичка Река е сè уште мртва, нагласува Миран.

Министерството за животна средина без одговори за случајот „Саса“

Безуспешни останаа обидите да добиеме одговори од ресорното Министерство на неколку прашања поврзани со работењето на „Саса“, јаловиштата и загадувањето во Македонска Каменица. Најпрво ни беше кажано дека ќе добиеме информации во најкус можен рок, потоа следуваше „оправдувањето“ дека поради годишните одмори повеќето вработени се отсутни и на крај, веќе никој не одговараше на пораките.

Општина Македонска Каменица: Сериозно ги земаме предвид сите укажувања од граѓаните

Општина Македонска Каменица, пак, се изјасни дека, согласно важечката законска регулатива, нема надлежност за вршење инспекциски надзор и контрола врз работењето на рудникот „Саса“. Поради тоа, како што наведува, нема формирано посебно тело или комисија за таа намена.

-Условите што „Саса“ треба да ги исполнува во текот на своето работење, вклучително и обврските за заштита на животната средина, следење на можните влијанија, управување со јаловиштата и рекултивација на искористените површини, се утврдени со А-интегрираната еколошка дозвола и со другите релевантни законски прописи. Со дозволата е дефиниран начинот на следење и контрола на влијанието на рудникот врз животната средина. Во согласност со овие обврски, „Саса“ е должна редовно да спроведува мерења и мониторинг на релевантните параметри, вклучително и на оние што се однесуваат на квалитетот на водата, воздухот и другите аспекти на животната средина. Испитувањата и резултатите се потврдуваат од независни акредитирани лаборатории и се доставуваат до надлежните институции, кои ја оценуваат усогласеноста со пропишаните гранични вредности и условите од дозволата, објаснуваат од Општината.

Општина Македонска Каменица напоменува и дека сериозно ги зема предвид сите укажувања од граѓаните поврзани со квалитетот на животната средина и доколку добие конкретна пријава или сознание за можен проблем, во рамките на своите надлежности воспоставува комуникација со рудникот „Саса“ и ги известува надлежните од кои може да побара спроведување соодветна контрола.

-Рудникот „Саса“ е најголем работодавец во локалната заедница, со околу 700 директно вработени лица, од кои најголемиот дел се жители на Општина Македонска Каменица. Покрај директните вработувања, работењето на рудникот обезбедува ангажман и економска активност за поголем број локални компании, добавувачи и други деловни субјекти. Во однос на донациите и проектите од областа на општествената одговорност, одлуките за нивна реализација ги носи рудникот, согласно сопствената стратегија за општествено одговорно работење и поддршка на одржливиот развојот на заедницата. Притоа, „Саса“ одржува редовна и коректна комуникација и соработка со Општината и според своите можности и утврдени приоритети, дава поддршка на проекти и иницијативи во повеќе области, меѓу кои инфраструктурата, образованието, спортот, културата, здравството и заштитата на средината, подвлекуваат од Општината.

Воедно додаваат дека Општина Македонска Каменица ќе продолжи да ја следи состојбата од аспект на интересите и квалитетот на живот на локалното население, да одржува отворена комуникација со граѓаните, рудникот и надлежните, за да постапува во рамките на своите законски надлежности.

Владата распиша повик за концесија за проспекциски геолошки истражувања - невладините остро реагираа

Во јуни годинава Министерството за енергетика распиша јавен повик за доделување двегодишна концесија за проспекциски геолошки истражувања на металични минерални суровини, а рокот за пријавување беше до 31 јули. Повикот ги опфаќаше општините: Кратово, Крива Паланка, Кочани и Македонска Каменица.

Остро реагираа 26 граѓански организации (еколошки здруженија), кои официјално побараа Владата целосно да се откаже од овие концесии. Формираа широк граѓански фронт во одбрана на ставовите, а клучните аргументи им беа: дека се крши Законот за минерални суровини (значителни делови од просторите за кои се распишани повиците се совпаѓаат со претходно истражени подрачја што директно ги поткопува законските одредби), дека има преклопување со постоечки рудници (во наведените подрачја веќе се спроведувале детални истражувања, а на делови од нив сè уште постојат или постоеле активни концесии за експлоатација и рудници) и дека опсегот е премногу широк (одлуките за просторите „Север-Североисток“ и „Исток“ опфаќаат територија на дури 27 (односно 29) општини во источниот и североисточниот дел на државата, со што, според еколозите, се отвора неконтролиран пат за масовна рударизација на целиот регион).

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини излезе со официјален став со кој ги отфрли обвинувањата на невладините организации. Од ресорното Министерство

тврдат дека во јавноста намерно или ненамерно се создава погрешна перцепција за значењето на проспекциските геолошки истражувања.

Рекорден раст на државните приходи од концесии

Според податоците на Министерството, во 2025 година државата инкасирала рекорден износ од над 1,22 милијарди денари по основ на концесиски надоместоци. Овој резултат е остварен преку 289 склучени договори главно за експлоатација на минерални суровини, што е повеќе од двојно зголемување во споредба со 2024 година, кога биле наплатени 561.544.717 денари.

Ваквиот тренд продолжува и во првата половина од 2026 година со наплатени речиси 574 милиони денари. Дури 78 отсто од овие средства законски завршуваат директно во буџетите на општините каде што се врши експлоатацијата.

Анализата на завршните сметки за 2025 година покажува дека Македонска Каменица, Радовиш, Пробиштип и Крива Паланка заедно евидентирале најмалку 293,2 милиони денари приходи од надоместоци за експлоатација на минерални суровини и за користење простор.

Рударството во 2025 година учествувало со 10,9 проценти во индустриското производство и со 2,8 проценти во извозот. Биле произведени 130.174 тони бакарен, оловен и цинков концентрат.

„Саса“ останува најголем рудник за подземна експлоатација и рекордер по остварен приход и добивка, а меѓу клучните активни капацитети се и рудниците „Бучим“ и „Тораница“.

Стратегија за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини за периодот 2026–2046

МАНУ и релевантните факултети изработија нова Стратегија за минерални суровини 2026-2046 која е достапна на интернет страницата на Министерството за енергетика. Во стратегијата се потенцира огромниот потенцијал на наоѓалишта на бакар, злато и сребро кои се сметаат за критични суровини за глобалната зелена транзиција (соларни панели, електрични возила). Се посочува и дека Македонија треба да го зајакне овој сектор и ефикасно да ги користи природните ресурси (природни минерални богатства), во хармонија со еколошките, културните и природните вредности.

-Мора да се создадат атрактивни животни средини кои обезбедуваат висок стандард на населението и да се избегнат ситуации кога работната сила се иселува. Проширувањето мора да се случи во хармонија со животната средина и околните индустрии, пишува во Стратегијата.

Животна средина е наведена како втора приоритетна област, веднаш по економијата, а пред социјалната димензија.

Приоритетната област животна средина ја поставува заштитата на природните ресурси, екосистемите и биолошката разновидност како суштински услов за долгорочна одржливост на минералната индустрија. Стратегијата укажува дека рударските активности имаат потенцијал за негативни влијанија врз животната средина, особено во однос на деградацијата на просторот, управувањето со отпадот, користењето на водните ресурси и емисиите. Во оваа приоритетна област е дефинирана следната општа цел: Долгорочна одржлива индустрија за минерали со минимизирање на негативните ефекти врз животната средина што ги предизвикува од аспект на нарушувања на животниот циклус и биолошката разновидност. Клучен правец на делување е поддршка на преминот кон почисти извори на енергија преку усогласување на минералната индустрија со енергетската транзиција. Ова вклучува подобрување на енергетската ефикасност, намалување на јаглеродниот отпечаток и обезбедување суровини неопходни за развој на обновливите извори на енергија и нискојаглеродните технологии. Дополнително, Стратегијата го истакнува правецот искористување на затворените рудници за развој на браунфилд инвестиции, пред сè во обновливи извори на енергија, со што се овозможува ревитализација на деградираните подрачја, намалување на притисокот врз нови локации и комбинирање на еколошки и економски придобивки.

Оваа содржина е изработена со финансиска поддршка од Agence Française de Développement (AFD) и Expertise France во рамки на проектот „Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина“ имплементиран од страна на Македонското здружение на млади правници, во партнерство со Центарот за правни истражувања и анализи, Здружение за одржлив развој Милеуконтакт Македонија и Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН – Центар за еколошка демократија. Содржината е единствена одговорност на авторите и во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Agence Française de Développement (AFD) и Expertise France.